РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 29-5682/1
07.11 2024 год.

www.krivapalanka.gov.mk

# ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

До
Сите заинтересирани правни и физички лица
на крак од улица „св.Јоаким Осоговски"
(на потегот од „Соларски Мост до дол Нимујлија")

Предмет: **Известување**

Почитувани граѓани на град Крива Паланка

Со цел обезбедување на инклузивност и темелно и правилно запознавање на граѓанството , и посебно на директно засегнатите деловни субјекти и поединци,во рамките на **проектот за поврзување на локалните патишта** Општина Крива Паланка организира јавна презентација на измените и дополните на проектот за дел од улица св.„Јоаким Осоговски" - делница од мв.Соларски Мост до мв. Дол Нимујлија. На сите заинтересирани граѓани ќе им биде презентиран проектот со опфатените измени и дополни на горенаведената траса, како и начинот на функционирање и планот за реализација на предвидените градежни активности.

Се молат сите заинтересирани граѓани за масовно учество на презентацијата со цел да се избегнат сите дополнителни нејасности или застои при реализацијата на проектот за истиот да биде завршен во што пократок рок.

Јавната презентација ќе биде одржана на ден 13.11.2024г во 12.оо часот во просториите на Општина Крива Паланка-голема сала.

Инвеститор:
Општина Крива Паланка
Градоначалник

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

| Р.Бр. | ФИРМА/ИМЕ | датум | потпис |
|---|---|---|---|
| 1. | Хармония 97 | 08.11.2024 | |
| 2. | Зеинфарм Крива Паланка | 08.11.24 | |
| 3. | „Вива Два" ДОО | 08.11.24 | |
| 4. | НЛБ Банка АД Скопје | 08.11.2024 | |
| 5. | Асто ДООЕЛ | 08.11.2024 | |
| 6. | ТРИО ЕС 1996 | 08.11.2024 | |
| 7. | Т.П. Теа-В | 8.11.2024 | |
| 8. | Тран Шабел | 8.11.2024 | |
| 9. | Македонски Пошти Кр.Па | 08.11.24 | |
| 10. | ТЕЛЕКОМ | 08.11.24 | |
| 11. | Основен суд Кр. Паланка | 08.11.24 | |
| 12. | Градска Аптека | 08.11.24 | |
| 13. | Никомови ил доо ел Скопје | 08.11.24 | |
| 14. | Т.П. Фантазија Трејд | 08.11.24 | |
| 15. | ПП Јахидија БСМ 2017 | 08-11-24 | |
| 16. | ТП „Јаначкови" | 08.11.24 | |
| 17. | СЕЛЕКТ 2016 | 08.11.24 | |
| 18. | ... Синдикат ... ПЗУ Медика | 08.11.24 | |
| 19. | ПЗУ „Медиса Центар" | 08.11.24 | |
| 20. | Базар Холвинг | 08.11.24 | |
| 21. | Тобако МИ 2020 | 08.11.24 | |
| 22. | НАДЕЖТРЕЈД | 08.11.2024 | |
| 23. | Т.П. БОГАС | 08.11.2024 | |
| 24. | ЗОМЕТ | 08.11.24 | |
| 25. | Т.П. Анис-Текс | 08.11.24 | |
| 26. | Парк Гиновце | 08.11.24 | |
| 27. | ЗЛАТНА КАФАНА Доо | 08.11.24 | |
| 28. | Бутик Мила | 08.11.2024 | |
| 29. | Токо Даг | 08.11.2024 | |
| 30. | Аптека „Еурофарм" | 08.11.2024 | |
| 31. | Фризерско Студио Велвет | 08.11.2024 | |
| 32. | Фибо ексклузив доо ел | 08.11.2024 | |
| 33. | Адвокат Мишо Миладиновски | 08.11.2024 | |
| 34. | Екора Графика | 08.11.2024 | |
| 35. | МИПА ММ 2023 | 08-11 | |
| 36. | Пекара Поле | 08-11 | |
| 37. | Боб's бургер | 08-11 | |

# ЗАПИСНИК

## ОД ОДРЖАНА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ПРОЕКТ ЗА ул.св. ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ ДЕЛНИЦА 1 ФАЗА 2 ВО КРИВА ПАЛАНКА

СРЕДА 12.оо -часот (голема сала)

Присутни: Маја Костадиновска - Општина Крива Паланка
Слаѓан Стојановски-претставник на проектантот:ЕУРО РОАД ДИЗАЈН ГРУП
Кире Велески - Општина Крива Паланка
Иван Велиновски - Општина Крива Паланка
Драго Котаранин - МТ/ЕИП
Сашка Богданова Ајцева -МТ/ЕИП
Марија Јанковска-ГЕИНГ
Петар Ѓурчиновски од изведувачот БИТЕМ
Владимир Дамјановски од изведувачот БИТЕМ
Никола Граматиков - Општина Крива Паланка
Огњан Грујевски-граѓанин,претставник на заедница на станари
Арсенчо Алексовски претставник на фирма ТРАН КАБЕЛ
Ванчо Маринов ГЕИНГ
Сашко Митовски-градоначалник на Општина Крива Паланка

Јавната презентација започна во 12.15 часот

Воведен збор на презентацијата даде Маја Костадиновска-раководител на сектор во Општина Крива Паланка,која во кратки црти ги информираше присутните за завршените,тековните и идните предвидени градежни активности и за изработката на проектот за измени во тек на изградбата.Потоа збор му даде на претставникот на проектната фирма Слаѓан Стојановски.

Слаѓан Стојановски во својство на претставник на проектната фирма ЕУРО РОАД ДИЗАЈН ГРУП го презентираше проектанското решение.Ги информираше присутните за основните параметри на проектантското решение: Се прави реконструкција и реконструкција со доградба на улицата св.Јоаким Осоговски во две фази итоа:Делница 1 од Соларски Мост до Дол Нимујлија и Делница 2 од Дол Нимујлија до мост кај ул.Единство. Од нив втората делница како фаза 1 од реализацијата е при крај и останува обележувањето на хоризонталната сигнализација и изградбата на потпорниот зид.Конкретно за темата на презентацијата, почетокот на Делница 1 е кај Соларски Мост и започнува со мини кружен тек кој ќе го регулира интензитетот на сообраќајот.Се предвидува денивелација на коловозот за да се смири косината, на која автобуси и подолги возила имаат проблем.Коловозот е со ширина од 6 метри.Денивелацијата на коловозот се осигурува со потпорни зидчиња, а тротоарот е во ниво како и сега, а коловозот е симнат.Подолу се формира платформа која овозможува проширување на коловозот со паркинзи и пешачки сообраќај.Во основа на проектот е безбедноста на учесниците во сообраќајот (пешачки и колски).Со проектот се решава и атмосферската канализација,поделена во два слива (кон Дурачка Река и кон пошта).

Прашање од Арсенчо Алексовски до Слаѓан Стојановски : Колку паркинзи се добиваат на делот кај проширувањето со платформата?

Одговор Слаѓан Стојановски: Се добиваат три паркинг места.

На ова појаснување додаде Маја Костадиновска дека проширувањето е предвидено со ДУП од 2000 та година.

На ова Арсенчо Алексовски праша зошто тогаш истите не биле направени во 2000 година?

Маја Костадиновска на тоа појасни дека за трасата е изработен и Проект за инфраструктура.

Огњан Груевски праша: Зошто не се предвидуваат повеќе паркинзи?

Одговор на прашањето даде Слаѓан Стојановски кој појасни дека согласно правилникот за Урбанистичко планирање мора да се запазат одредени стандарди што се пропишани.

Маја Костадиновска појасни дека малку подолу се направени измени каде трасата се повлекува заради блискоста до објектот на ТУРИСТ, и за сметка на тоа се бришат некои паркинг места , а се отвора тротоарот за пешачкиот сообраќај.Кај пошта се проширува тротоарот и се заштитуваат подрумските отвори.Подолу кај аптека има предвидено неколку паркинзи, а потоа трасата продолжува со класична реконструкција до долот Нимујлија.(Крај на делница 1).

Слаѓан Стојановски повторно појасни дека основната намера е да се подобри безбедноста во сообраќајот.

Огњан Грујевски кажа дека никој не донел одлука за поставување на столбчиња кај нивната зграда за ограничување на паркирањето и дека тие од куќен совет барале да се тргнат.Кај нив би било пожелно да се подигне нивото до влезот во зградата и дава предлог малото зидче пред зградата да се подигне.

Слаѓан Стојановски во врска со ова појасни дека крајот на постоечкиот потпорен зид се руши и дека се прави нов зид со кој се постигнува нивелација и дека со оваа нивелација се подобрува ситуацијата на лице место.

Арсенчо Алексовски во врска со канализацијата кажа дека кај нив канализацијата функционирала добро и дека немале проблеми.Исто така рече дека според него не било оправдано да се прави платформа за 4 паркинг места.Исто така кажа дека порано водата правела проблем и се собирала во вирови на плоштадот.

Слаѓан Стојановски во врска со ова појасни дека по извршените согледувања и консултациите со ЈП Комуналец се заклучило дека треба да се предвиди крак од атмосферската канализација.

Арсенчо Алексовски кажа дека тие (како фирма) имале некои инсталации од заземјување кои треба да се земат во обзир при изведбата, а тука имало и отвор од скривница.

Маја Костадиновска појасни дека заради тоа е направено поместување на конструкција на платформата за да се избегне и постоечкиот бетонски отвор кој води кон подрумот на зградата.

Огњан Грујевски кажа дека бара да се зафатат сите отпадни води за да нема после проблеми кај нивната зграда.

Слаѓан Стојановски во врска со ова појасни дека со проектот се третирани сите постоечки атмосферски и канализациони води.

Арсенчо Алексовски кажа дека позади кај влезот има градежен шут кој треба да се тргне , а со запирањето на сообраќајот кон плоштадот се оптеретил кракот од ул.св.Јоаким Осоговски.

Слаѓан Стојановски во врска со шутот појасни дека тоа е предвидено со проектот, и е внесено како количина во предмерот.

Драго Котаранин во врска со сообраќајното решение:Јас воопшто не би го дозволил сообраќајот низ град и навиката да се оди секаде со кола треба да се заборави,но знам дека немате избор.Градежниот дел од проектот треба да се спроведе според планот,а сообраќајните решенија се менуваат по потреба со време.

Арсенчо Алексовски праша: Со оглед дека сообраќајот надолу(кон плоштад) е затворен зошто се прави кружен тек?

Слаѓан Стојановски, одговори: Дека ова решение е многу добро и оптимално го решава сообраќајот.

Огњан Грујевски мисли дека надолу (кон плоштад) улицата треба да биде„слепа“ и да нема сообраќај.

Слаѓан Стојановски, одговори: Ова решение е најдобра и најприфатлива варијанта на сообраќајот за што се согласни и градежниците и урбанистите.Решението е комплетно по планот, урбаниостичкиот проект и според закон.

После ова Маја Костадиновска праша дали некој има било какво прашање во врска со презентираниот проект и доколку нема презентацијата може да биде завршена.

Дополнителни прашања немаше.

Презентацијата заврши во 12.47 часот.

Записникот заради поголема читливост е составен во печатена форма согласно изработениот записник од лице место во ракопис.

Настанот беше отворен за целокупната јавност врз основ на известување издадено од Општина Крива Паланка бр.29-5682/1 од 07.11.2024г. Кој беше јавно објавен на сите влезови на објекти, јавни згради и лично доставен до најзасегнатите корисници со проектот.

Во Крива Паланка на ден 13.11.2024г.
Време на одржување на јавната презентација:12.15 до 12.47 часот
Место на одржување:Голема сала при Општина Крива Паланка

СПИСОК НА ПРИСУТНИ НА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ПРОЕКТ ЗА ул.св.,,ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ" ДЕЛНИЦА 1 -ФАЗА 2 ВО КРИВА ПАЛАНКА СРЕДА 13.11.2024г. 12.оо ч.

| Р.Бр. | ФИРМА/ИМЕ | контакт | потпис |
|---|---|---|---|
| 1. | Маја Костадиновска , Опш. Крива Пал. | 070720905 | [signature] |
| 2. | Стојан Стојановски - ЕУРО РОАД | 070/87 96 96 | [signature] |
| 3. | Киро Велевски - Општина Кр.Пал. | 076-337 484 | [signature] |
| 4. | Иван Велиновски Општина Кр. Пал. | 070375234 | [signature] |
| 5. | Драго Котевчанин - МТ/ЕМП | 070 301137 | [signature] |
| 6. | Сашка Богданова Ајкова | 070858035 | [signature] |
| 7. | МАРИЈА ЈАНКОВСКА гениг | 070/851-555 | [signature] |
| 8. | Петар Ѓурчиновски | 070/245-246 | [signature] |
| 9. | Владимир Дамјановски | 071/231-511 | [signature] |
| 10. | Никола Граматиков | 075/250-374 | [signature] |
| 11. | Огнан Трајевски | 070/903-503 | [signature] |
| 12. | Арсенчо Ѓеновски | 075211866 | [signature] |
| 13. | Ванчо Маринов - Гениг дооел. Скопје | 070-269-713 | [signature] |
| 14. | Сашко Митовски | 070 473-500 | [signature] |
| 15. | | | |
| 16. | | | |
| 17. | | | |
| 18. | | | |
| 19. | | | |
| 20. | | | |
| 21. | | | |
| 22. | | | |
| 23. | | | |
| 24. | | | |
| 25. | | | |
| 26. | | | |
| 27. | | | |
| 28. | | | |
| 29. | | | |
| 30. | | | |
| 31. | | | |
| 32. | | | |
| 33. | | | |
| 34. | | | |
| 35. | | | |